# ДЕЛЕГИРАНА РЕГУЛАТИВА (ЕУ) бр. 2024/405 на Комисијата, од 30 јануари 2024 година, за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 139/2014, што се однесува на користењето на сигнали во случај на прекин на радио комуникацијата

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската унија,

имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот, од 4 јули 2018 година, за заедничките правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенцијата на Европската Унија за безбедност на воздхопловството и за изменување и дополнување на регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот, а за укинување на регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91 на Советот ([1]) и особено член 39(1), точки (а) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Со Регулативата (ЕУ) бр 139/2014 ([2]) се утврдуваат условите и административните постапки во врска со аеродромите, вклучително за управувањето со истите, нивната работа, издавањето на уверенија и нивниот надзор.

(2) Одредени нови измени од страна на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство („ICAO“) треба да се одразат во правилата на Унијата. Некои од овие најнови измени утврдени во Анекс 2 „Правила на летање“ кон Чикашката конвенција се однесуваат на сигналите кои треба да се користат, во сите визуелни услови, во случај на прекин на радио комуникацијата меѓу единицата на службата за контрола на летањето и возилата или пешаците на површината за маневрирање на аеродромите. Затоа, потребно е на соодветен начин да се измени дел ADR.OPS.B.031 – КОМУНИКАЦИЈА во Анекс IV кон Регулативата (ЕУ) бр. 139/2014.

(3) Со цел да се обезбеди непречено спроведување на мерките кои се воведуваат со оваа регулатива, а воедно да се обезбеди дека се одржува високо уедначено ниво на безбедност на цивилното воздухопловство во Унијата, на индустријата и надлежните органи на земјите–членки треба да им се даде доволно време како би

([1]) Сл. весник L 212, 22.8.2018 год., стр. 1.
([2]) Регулатива (ЕУ) бр. 139/2014 на Комисијата, од 12 февруари 2014 година, за утврдување на услови и административни постапки во врска со аеродромите согласно Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и наСоветот (Сл. весник L 44, 14.2.2014 год., стр. 1).

се прилагодиле на мерките кои се воведуваат со оваа регулатива. Од таа гледна точка, оваа регулатива треба да се применува 12 месеци по влегување во сила на истата.

(4) Агенцијата на Европската Унија за безбедност на воздхопловството ѝ помогна на Комисијата во согласност со член 75(2), точки (б) и (в) и член 76(1) од Регулативата (ЕУ) 2018/1139 и, на 18 август 2023 година, ѝ го достави на Комисијата односното мислење бр. 02/2023 ([3]).

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

Анекс IV кон Регулативата (ЕУ) бр. 139/2014 се менува и дополнува согласно Анексот кон оваа регулатива.

*Член 2*

**Влегување во сила**

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Истата се применува од 1 мај 2025 година.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 30 јануари 2024 година.

*За Комисијата*
*Претседател*

Урсула фон дер Лајен

([3]) https://www.easa.europa.eu/document-library/opinions

*АНЕКС*

Во точка ADR.OPS.B.031 од Анекс IV кон Регулативата (ЕУ) бр. 139/2014, се додаваат следните точки (в) и (г):

„(в) Ако сигналите се користат во согласност со точка (б)(4), тие го имаат следното значење:

| Светлосен сигнал од аеродромската контрола | Значење |
|---|---|
| Трепкаво зелено светло | Дозвола за преминување на површината за слетување или движење по патеката за возење |
| Непрекинато црвено светло | Забрана за движење |
| Трепкаво црвено светло | Напуштете ја површината за слетување или патеката за возење и внимавајте на воздухопловите |
| Трепкаво бело светло | Ослободете ја површината за маневрирање во согласност со локалните упатства |

„(г) Во услови на опасност или ако не се почитуваат сигналите од точка (в), сигналите кои се дадени овде се користат за полетно–слетните патеки и патеките за возење кои се опремени со систем за осветлување, а го имаат следното значење:

| Светлосен сигнал од аеродромската контрола | Значење |
|---|---|
| Трепкави светла на полетно–слетната патека или патеката за возење (таксирање) | Ослободете ја полетно–слетната патека и следете го светлосниот сигнал од кулата“ |